**20230971823**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 394 алинеја 5 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија” бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 302/20 и 122/21), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА И ВОЗАЧКА КНИШКА, НАЧИНОТ НА НИВНОТО ИЗДАВАЊЕ И ЗАМЕНУВАЊЕ И ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИИТЕ ЗА ИЗДАДЕНИ ВОЗАЧКИ ДОЗВОЛИ И ВОЗАЧКИ КНИШКИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на образецот на возачка дозвола и возачка книшка, начинот на нивното издавање и заменување и за начинот на водење на евиденциите за издадени возачки дозволи и возачки книшки во Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/17, 89/17, 126/17 и 63/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.169/21), во член 5 во ставот (2) по зборот „приложува“ се додава зборот „важечки“, а зборовите „кој служи за утврдување идентитет на странец и доказ “ се бришат.

Член 2

Членот 7 се менува и гласи:

„Идентитетот на подносителот на барањето за издавање на возачка дозвола се утврдува со увид во важечка лична карта или документ за лична идентификација за одобрен законски престој што има фотографија, издаден од државен орган на Република Северна Македонија“.

Член 3

Во член 11 во ставот (1) по зборовите „се бара издавање возачка дозвола“ се става запирка и се додаваат зборовите „освен ако со билатерален договор не е поинаку уредено“.

Во ставот (2) зборовите „доказ за утврдување на идентитет на странец“ се заменуваат со зборовите „важечки документ за одобрен законски престој од најмалку шест месеци во Република Северна Македонија“, а точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите „освен ако со билатерален договор не е поинаку уредено“.

Во ставот (3) зборовите „органот што ја издал“ се заменуваат со зборовите „надлежен орган на земјата што ја издала“.

Член 4

Во член 12 по ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) Во случај на замена на странска возачка дозвола согласно ставот (3) на овој член, нема да се користи информациски код за возач почетник.“.

Член 5

Во член 14 во точката 5. зборот „или" се заменува со „точка и запирка".

Во точката 6. по зборот „возило" се додаваат зборовите „доколку лицето има право да управува со други категории на возило и".

По точката 6. се додава нова точка 7. која гласи:

„7. кога му е изречена забрана за управување на моторно возило од определена категорија.".

Член 6

Членот 16 се менува и гласи:

„Возачката дозвола на која и е истечен рокот на важење се поништува и се враќа на странката.".

Член 7

Членот 17 се менува и гласи:

„(1) Барањето од членот 15 од овој правилник може да се поднесе и во рокот на важење на возачката дозвола, при што постоечката возачка дозвола се одзема во моментот на издавање на новата возачка дозвола, се поништува и се враќа на странката.

(2) Во случај кога возачката дозвола важи за некоја од категориите Ц1, Ц, Д1, Д, Ц1Е, ЦЕ, Д1Е, ДЕ, а постои ограничување на важноста во возачката дозвола од здравствени причини, барањето може да се поднесе најмногу до една година пред истекот на рокот на важење на возачката дозвола, при што постоечката возачка дозвола се одзема во моментот на издавање на новата возачка дозвола, се поништува и се враќа на странката.".

Член 8

Во членот 18 по зборот „изгубена," се додава зборот „украдена,".

Член 9

Членот 19 се менува и гласи:

„(1) Кон барањето од членот 18 од овој правилник, возачот ги приложува: оштетената возачка дозвола, важечка лична карта за државјанин на Република Северна Македонија, односно важечки документ за одобрен законски престој на странец на увид и писмена изјава која содржи краток опис на времето и местото на кражбата или губењето на возачката дозвола.

(2) За изгубената или украдената возачка дозвола, од подносителот на барањето или од страна на Министерството на претходно барање на странката, се врши објава во „Службен весник на Република Северна Македонија".

(3) Оштетената возачка дозвола се одзема, се поништува и се враќа на странката."

Член 10

Во член 20 во ставот (2) по зборот „односно" се додава зборот „важечки", а зборовите „кој служи за утврдување идентитет " се заменуваат со зборовите „за одобрен законски престој".

Ставот (3) се менува и гласи:

„(3) Новите лични податоци на возачот и податоците за живеалиштето се запишуваат во евиденцијата на возачки дозволи, а заменетета возачка дозвола се одзема, се поништува и се враќа на странката."

Член 11

Во член 21 во ставот (1) зборовите „положи возачки испит“ се заменуваат со зборовите „се стекне со право на управување на возило“.

Во ставот (2) по зборот „односно“ се додава зборот „важечки“, по зборот „документ“ зборовите „кој служи за утврдување идентитет“ се заменуваат со зборовите „за одобрен законски престој“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„(3) Постоечката возачка дозвола се одзема, се поништува и се враќа на странката.“

Член 12

Во член 22 во ставот (2) по зборот „односно“ се додава зборот „важечки“, а зборовите „кој служи за утврдување идентитет “ се заменуваат со зборовите „за одобрен законски престој“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„(3) Постоечката возачка дозвола се одзема, се поништува и се враќа на странката.“

Член 13

Во член 23 во ставот (1) зборот „во“ се заменува со зборовите „од определена“, а по зборовите „моторно возило“ се додаваат зборовите „или кога му е изречена забрана за управување на моторно возило од определена категорија,“.

Во ставот (2) по зборот „односно“ се додава зборот „важечки“, а зборовите „кој служи за утврдување идентитет “ се заменуваат со зборовите „за одобрен законски престој“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„(3) На новата возачка дозвола се испишува категоријата или категориите со кои возачот има право да управува.“

Ставот (4) се менува и гласи:

„(4) Постоечката возачка дозвола се одзема и се поништува.“

Член 14

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.1-47130/1
2 мај 2023 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски,** с.р.